Влада на Република Северна Македонија
Агенција за млади и спорт

Агенцијата за млади и спорт врз основа на член 13, став 4 од Законот за младинско учество и младински политики ("Службен Весник на Република Северна Македонија" број 10/2020), а во врска со Правилникот за формата, содржината и начинот на водење на регистерот на младински организации, организации за млади и младински чадор организации со број 12-1941/1 од 17.12.2020 год.) на Поднесителот Здружението Форум за образовни промени ФОП Тетово, Директорот на Агенцијата за млади и спорт го донесе следното:

Бр. 12 - 240/2
25-01-2023 год.
Агенција за млади и спорт
Ул.Македонија бр.38
Палата „Панко Брашанаров"
1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Тел. +389 (0) 2 3119-628
Email: contact@ams.gov.mk
web: www.ams.gov.mk

**РЕШЕНИЕ**

Здружение Форум за образовни промени ФОП Тетово, со седиште на Ѓорче Петров бр 41/2 Тетово, се запишува во Регистарот на младински организации, организации за млади и младински чадор организации како **Организација за млади**.

*Образложение*

Согласно барањето на Здружението Форум за образовни промени ФОП Тетово за упис во Регистарот на младински организации, организации за млади и младински чадор организации, заведено под архивски број 12-240/1 доставено на ден 23.01.2023 година, Сектор млади при Агенцијата за млади и спорт изврши увид во доставената документација, и констатираше дека се доставени сите документи кои се основ за донесување на решение како Организација за млади.

Врз основа на погоре наведеното, директорот одлучи како во диспозитивот на ова решение.

*Упатство за правно средство: Против ова решение незадоволната странка може да поведе управен спор во рок од 30 дена од приемот на решението.*

**ДИРЕКТОР**
**НАУМЧЕ МОЈСОВСКИ**

*Изработил : Стефан Степаноски*
*Одобрил : Гордана Цекова*